РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1045/4
26-07-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 8-ма седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата со број 12-1045/1 од 11.03.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-1045/1 од 11.03.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-1045/1 од 11.03.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познат подносител, по електронски пат. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за прекршување на изборниот процес претседателски и парламентарни избори 2024 година, од страна на службени лица во /// - чл. 34 ст. 1 ал. 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Како што е наведено во пријавата, /// на седницата одржана на /// година, донел одлуки со кои се усвојува, т.е. се дава согласност на акти за работењето на /// за 2024 година, во кои се содржани елементи за капитални инвестиции. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Кон пријавата доставени се прилози како поткрепа на наводите.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По увидот во содржината на пријавата и доставените прилози, ДКСК побара податоци, информации и документација од /// и врз основа на добиеното од ///, не може да се констатира дека се преземени активности од страна на службени лица, спротивни на чл. 34 ст. 1 ал. 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Следствено, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител во одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С. Д., член

Доставено до:
- Подносителот на пријавата